РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2331/2
17.03.2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-та седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-652/1 од 10.02.2021 година, против директорот на -----------------------------------------------------------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-652/1 од 10.02.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 10.02.2021 година, поднесена е пријава против директорот на ------------------------------------------------------------------------------------ и оформен е предмет број 12-652/1 од 10.02.2021 година.

Имено, подносителот – правно лице наведува дека се занимава со ископ на минерални суровини за што има договор за концесија со Министерството за економија. Во пријавата, подносителот укажува на сомневање за јавен и медиумски линч од посоченото службено лице, односно спротивно на своите надлежности и овластувања се појавува на разни телевизии и портали водена со толпа граѓани кои го узурпираат приватниот посед и преземаат дејствија на самовластие, насилство и друго, наместо да изврши контрола преку овластени службеници и да изготви соодветен записник и решение. Се наведува дека во изминатиот период се извршени огромен број редовни и вонредни надзори при што не се констатирани неправилности во спроведувањето на договорите. Во пријавата се изразува сомневање дека близок роднина на директорката е на висока позиција во невладина еколошка организација поради што постои судир на интереси кој има влијание на ваквото постапување од страна на директорката. Покрај останатите изнесени наводи, се наведува дека ситуацијата кулминирала кога директорката јавно изјавила дека поради недостатоци утврдени со надзори треба да ѝ биде одземена дозволата на правното лице. Исто така, се наведува дека група граѓани од Средно и Долно Коњаре уште од 2006 година па се до поднесувањето на пријавата се обидуваат да ја опструираат работата на правното лице на различни начини.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни наводи кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на пријавеното лице, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување. Воедно во постапувањето по предмет 12-425/1 од 2021 година ДКСК констатираше дека на предлог на Министерството за економија, Владата на Република Северна Македонија, врз основа на член 51 став 2 од Законот за минерални суровини, на седницата одржана на 20.04.2021 година донесе одлука за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „село Долно Коњаре", Општина Петровец, бидејќи концесионерот не се придржувал кон решенијата и мерките во однос на заштитата на животната средина утврдени со прописите од областа на животната средина, што било утврдено врз основа на вонреден инспекциски надзор извршен од инспектор за животна средина и водостопански инспектор кои побарале мислења и дополнителна документација соодветно од Управата за хидрометеоролошки работи, Министерството за економија и Геолошки завод.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**